**ИЗВЕШТАЈ**

Од Самоевалуација на ООУ „Лазо Трповски“ за  период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 година) Општинското основно училиште „Лазо Трповски“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од  2023-2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 17.09.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Милица Патраклиева, ментор,

Наталија Наумоска, психолог,

Рената Поповска, педагог,

Розита Костова,наставник,

Јана Филиповска наставник

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023-2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Милица Патраклиева-одговорно лице<br>Розита Костова<br>Лидија Стефановска<br>Александра Неделковска Петровска<br>Стефан Симовски<br>Даниела Радевска<br>Оливера Маџовска<br>Даниела Андонова<br>Розета Сугарева<br>Елена Масторидис |
| 2. Постигања на учениците | Надица Чапаратковa  -одговорно лице<br>Христина Ристевска (од јуни 2025 замена Елена Тодоровска)<br>Елена Угриноска<br>Видое Николовски<br>Елисавета Лафчиска<br>Митре Шепендиев<br>Грозданка Шопова |

| | |
|---|---|
| | Елеонора Стрезовска<br>Ана Милошевска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Даниел Николовски – одговорно лице<br>Татјана Бошковиќ<br>Ирена Грегориќ<br>Јагода Ололовска<br>Кузман Марковски<br>Благоја Ставревски<br>Мартина Трајковска<br>Даниела Дамјановска |
| 4. Управување и раководење | Тамара Алаџајкова – одговорно лице<br>Елена Јовановиќ<br>Луција Зубац<br>Рената Поповска<br>Наталија Наумовска<br>Весна Тодоровиќ<br>Љупка Чешмеџиевска<br>Зоран Антоски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на (датум на одрување) година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во ова подрачје се анализираше целиот наставен процес. Во училиштето се реализираат наставни планови и програми кои се во согласност со програмските документи од БРО, а одобрени од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем на македонски наставен јазик. Врз основа на пропишани процедури, директорот и стручната служба обезбедуваат поддршка и следење на планирањата на наставниците. Наставниците во рамките на стручните активи, разменуваат искуства и идеи со цел подобрување на квалитетот на планирањата. Наставниците го планираат наставниот процес во дневни, неделни и годишни планирања кои се предгледуваат од стручната служба, а најмалку 2 пати во полугодието стручната служба и раководството на училиштето го следат реализирањето на наставниот процес кај секој наставник.<br>За реализација на образовната инклузија во училиштето за учениците со ПОП се изготвуваат индивидуални образовни планови, прилагодени на нивните потреби и можности. Во училиштето застапена е интерактивна настава при што учениците активно се вклучени во процесот на учење и овозможена е интеракција на релација наставник - ученик и ученик – ученик.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи при што разменуваат искуства , идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети. Имаат посета на отворени часови, работилници, дисиминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго. Претседателот на стручниот актив изработува годишен план за работа на активот, прави месечен распоред за негова реализација, со членовите на активот ги следи нагледните часови, а по реализација на часот се поведува дискусија од страна на членството, се изработуваат записници. Наставниците при реализацијата на нагледните часови се следени од колегите, директорот и психолошко-педагошко служба во училиштето.<br>За секој наставен предмет согласно наставната програма, се изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Наставници користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Преку самооценување и меѓусебно оценување учениците се вклучуваат во оценувањето и им се дава можност да ги согледаат критериумите и да ги подобрат постигањата. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата.<br>Освен часовите во редовната настава, се организираат и додатна и дополнителна настава, се изведуваат слободни ученички активности, секции и воннаставни активности. Училиштето планира и реализира воннаставни активности прилагодени според потребите и можностите на учениците. Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето и според прегледаната документација успешно се реализираат. Со воведувањето на меѓуетничката интеграција во образовниот систем учениците пред се учат да соработуваат и комуницираат со другите, да ги препознаваат и ги прифаќаат меѓусебните сличности и да ги почитуваат меѓусебните разлики, како и да градат меѓусебна доверба како вештини за заедничко живеење во мултиетничко опкружување. Суштината на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Со овие активности се развива љубопитноста, истражувачкиот дух, дружењето и слично.<br>На транспарентен начин, преку анкети се избираат изборни наставни предмети. При изборот на изборни наставни предмети се бира од листата дадена од МОН, земајќи во предвид со каков наставен кадар располага училиштето. Според правилата, не се повторуваат избраните и изучени предмети во вториот и третиот период од основното образование.<br>Учениците кои се заинтересирани за учество на националните натпревари транспарентно се селектираат на училишни натпревари, па потоа учествуваат на општински, регионални, државни натпревари. Сите заинтересирани ученици имаат можност да учествуваат на меѓународни натпревари. |

| |
|---|
| **Силни страни**<br>➢ На заинтересираните учениците им се нуди можност за учество во натпревари и нивниот успех секогаш се истакнува и пофалува.<br>➢ Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување преку организирање на дополнитела и додатна настава, но и диференцирани активности во редовната настава.<br>➢ Во редовната настава и во вонаставните активности се применуваат принципите на меѓуетничката интеграција и родовата рамноправност, вклучувајќи ги сите заинтересирани ученици, без обзир на родот, социјалното потекло или етничка припадност.<br>➢ Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари, по посетени обуки постои можност за дисеминација на стекнатите знаења со останатите наставници, а се одржуваат и интерни обуки од страна на искусните наставници.<br>➢ Наставниците и заинтересираните ученици учествуваат и во меѓународни проекти како што се Е – twinning  проектите, Еразмус, “Добри практики”, “Креативна примена на нови наставни техники”, “Ретки се”, “Учител- професија која создава професии” итн.<br>➢ Според направените анкети, наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. |
| **Слаби страни**<br>➢ Заради недоволно финансиски средства, не се реализираат заедничките активности за меѓуетничка интеграција планирани во Годишната програма на училиштето<br>➢ Честопати котизацијата за учество на натпревари мораат да ја платат родителите на учениците, со оглед на  ограничени финансиски средства на училиштето. |
| **Приоритети**<br>➢ Да се изработи училишен правилник според кој училиштето ќе ги рангира учениците кои го претставуваат училиштето на националните натпревари и ќе се обезбедат средства за плаќање на котизацијата.<br>➢ Да се издвојуваат повеќе финансиски средства за вонаставни активности, проекти и заеднички активности. |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми , а подобрувањето на нивниот квалитет во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година има статус на приоритет. Стручниот тим ( психолог и педагог) за работа со учениците со потешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби, е надополнет со образовни асистенти. Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот образовен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.<br>Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот.  Потоа наставниците ќе работат со тие ученици на часовите по додатна настава и вонаставни активности, како и на подготовка на тие ученици за натпревари од конкретниот наставен предмет и во зависност од интересот на учениците. Училиштето ги следи постигањата на учениците при преминот од еден во друг циклус. Но, училиштето не ги следи постигањата на учениците при преминот од основно во средно образование. Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот, ги |

посетува градинките во својот реон;
Систематски се следи редовноста на учениците, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите.Нема осипување на ученици во последните години. Се почитува постапката за преминување од едно во друго училиште со барање од страна на родителот, добивање согласност од училиштето кое го прифаќа ученикот , се издава преведница, евидентен лист за успехот на ученикот , мислење за ученикот и ученичка легитимација од страна на училиштето кое го испишува ученикот. Ниеден ученик не ја повторувал учебната 2023/24година.
Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот. Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тромесечие, свидетелства, како и согледувања за неговиот/нејзиниот развој (од прво до трето одд. деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на соработката на наставниците со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.
Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавните гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи, гостувања во ТВ емисии и др.

**Силни страни**

- Училиштето организира додатна настава за да им овозможи на учениците да ги развиваат своите потенцијали
- Редовно се организира дополнителна настава за учениците кои послабо напредуваат во наставата
- Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности.
- По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните години
- Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје во работата со децата со посебни образовни потреби
- Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца.
- Во училиштето редовно се води и даваат информации до родителите преку Е-дневник
- Се води континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците и активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати и учениците со поддршка од наставниците се вклучени во различни манифестации и постигнуваат високи успеси на натпревари на локално, национално и меѓународно ниво
- Училиштето има систем за идентификација на ученици кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со посебни образовни потреби и го следи напредокот на истите.

**Слаби страни**

- Кај наставниците не постои доволна едукација за работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Нема стручно лице дефектолог

**Приоритети**

- Унапредување на процесот на следење и поттикнување на напредокот на учениците со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби.
- Обезбедување на стручно лице дефектолог

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
|---|
| **Опис/резиме**<br>Анализата покажа дека училишната клима е едно од најсилните подрачја на училиштето, каде што односите меѓу учениците и наставниците се засновани на почитување, толеранција и взаемно разбирање. Сите вработени во училиштето се стремат кон праведен и еднаков третман на сите ученици, независно од нивниот пол, етничка припадност, социјален статус или академски способности. Во рамките на наставата и вонаставните активности, се забележува дека секој ученик добива подеднакви можности за напредок и развој.<br>Хигиената во училиштето е на високо ниво и се почитуваат сите пропишани протоколи. Особено внимание се посветува на физичкото и емоционалното здравје на учениците, а училиштето редовно презема мерки за поддршка на ученици со потешкотии и посебни потреби. Специјализирано лице е задолжено за давање дополнителна помош и совети на учениците, што придонесува за подобрување на нивниот академски и личен развој. Исто така, училиштето се грижи за учениците од социјално загрозени семејства, преку организирање на хуманитарни акции и проекти кои имаат за цел да им обезбедат поддршка.<br>За учениците кои завршуваат основно образование, училиштето обезбедува консултации и совети за избор на идната професионална насока. Класните раководители и стручните соработници се активно вклучени во помагање на учениците да го направат вистинскиот избор за своето средно образование. Дополнително, училиштето е домаќин на презентации од средните училишта и професионални институции, со цел да ги информира учениците за нивните можности по завршување на основното образование.<br>Наставниците и учениците се горди на своето училиште, бидејќи сите ученици уживаат во еднакви права и можности. Климатата во училиштето е позитивна, охрабрувајќи меѓусебно почитување, разбирање и квалитетна настава, која резултира со одлични постигнувања. Ваквата пријателска и поттикнувачка атмосфера им овозможува на учениците да се чувствуваат безбедно и мотивирано за постигнување на уште поголеми успеси. |

**Силни страни**

- Позитивен имиџ во заедницата, со висока препознатливост поради активностите и успесите на учениците.
- Учество во општински, регионални и државни натпревари што го зголемува позитивниот углед во заедницата.
- Училиштето е редовно спомнувано во медиумите поради проекти и успеси на учениците и наставниците.
- Позитивна атмосфера со силни односи меѓу учениците и наставниците.
- Високо учество на учениците во училишни настани, што покажува нивна мотивираност и ангажираност.
- Родителите и учениците изразуваат задоволство од училишната клима, со добра комуникација и безбедна средина.
- Висок процент на ученици го почитуваат кодексот на однесување, што создава стабилна и дисциплинирана училишна атмосфера.
- Редовни ажурирања на правилата и транспарентност во информирањето на учениците за нивните права и обврски.
- Намалување на дисциплинските прекршоци, особено кај повисоките одделенија.
- Намалување на дисциплинските мерки и зголемена свест за одговорност кај учениците.
- Подобрување на однесувањето на учениците, особено на часовите.
- Стабилни меѓучовечки односи со намален број на агресивни инциденти.
- Учениците активно учествуваат во училишниот совет и имаат можност да влијаат на одлуките кои ги засегаат.
- Проактивно иницирање проекти од страна на учениците, со фокус на развој на лидерски вештини и тимска работа.
- Учениците редовно учествуваат во натпревари и покажуваат иницијативност и креативност.
- Редовна и ефективна комуникација со родителите преку состаноци, средби и онлајн платформи.
- Родителите чувствуваат дека училиштето транспарентно ги информира за сите важни настани и промени.
- Активно учество на родителите во проекти и училишни настани.
- Училиштето соработува успешно со локалните власти, особено за подобрување на инфраструктурата.
- Активно учество во општински настани и проекти, што го зајакнува партнерството со заедницата.
- Локалните компании и организации редовно ги поддржуваат училишните проекти и настани.

**Слаби страни**

- Потребни се повеќе ресурси и поддршка за имплементирање на поголеми проекти.
- Иако климата е генерално позитивна, мал дел од учениците (околу 7%) сметаат дека има недостаток на простор за изразување на индивидуални мислења и идеи.

**Приоритети**

- Поголемо учество во Еразмус , Е твининг и други проекти за интеркултурна соработка и размена на искуства

| Подрачје 4: Управување и раководење |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.<br>Најголем број од родителите се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации.<br>Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги.<br>Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Во склоп на библиотеката нема читална за учениците.<br>Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници, со исклучок на дефектолог. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.<br>Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. |

| |
|---|
| **Силни страни**<br>➢ Добра координираност помеѓу телата во училиштето (директор, училишен одбор, наставнички совет)<br>➢ Адаптирана и опремена сензорна соба за ученици со ПОП<br>➢ Добар систем за грижа за здравје на ученици и разрешување на конфликтни ситуации |
| **Слаби страни**<br>➢ Училишната библиотека не располага со читална за учениците<br>➢ Недостаток на телевизори и интерактивни табли во сите училници |
| **Приоритети**<br>➢ Обезбедување на дополнителни средства за обуки и награди на наставниците за нивна поголема мотивација во напредување во воспитно образовниот процес(да се направи Првилник)<br>➢ Опремување на училници и кабинети со современи компјутерски и дигитални помагала како и дополнителна едукација на наставници за користење АИ (апликации со вештачка интелигенција) при изведување настава |

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Да се издвојуваат повеќе финансиски средства за вонаставни активности, проекти и заеднички активности. Да се изработи училишен правилник според кој училиштето ќе ги рангира учениците кои го претставуваат училиштето на националните натпревари и да се обезбедат средства за плаќање на котизацијата. На овој начин ќе се придоне создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина.
- Унапредување на процесот на следење и поттикнување на напредокот на учениците со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби. Обезбедување на стручно лице дефектолог ќе создаде услови за поголема ангажираност со учениците и ќе ја зголеми ефикасноста на програмите со ИОП, ПОП и модифицирана програма.
- Потребни се повеќе ресурси и поддршка за имплементирање на поголеми проекти. Учеството во Еразмус и Е Твининг проекти ќе ја зголеми интеркултурната соработка и размена на искуства.
- Обезбедување на дополнителни средства за обуки и награди на наставниците за нивна поголема мотивација во напредување во воспитно образовниот процес. Потребно е да се воспостави правилник за наградување на наставниците, со јасни критериуми. Опремување на училници и кабинети со современи компјутерски и дигитални помагала како и дополнителна едукација на наставниците за користење АИ (апликации со вештачка интелигенција) при изведување настава.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Милица Патраклиева, ментор
Наталија Наумоска, психолог
Рената оовска, педагог
Розита Костова, наставник
Јана Филиповска, наставник